Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 544 www.mchamber.mk 06.10.2023




# РЕГИОНАЛНА ПРОМОЦИЈА НА НОВИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## НАЈАВА за Втората Регионална конференција за промоција на бенефитите на медијацијата

## ИМАМЕ ЕДИНСТВЕН НАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ НА ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ПРИЛАГОДЕН НА НАШАТА ОБРАЗОВНА ТРАДИЦИЈА И СОСТОЈБИ

09.10.2023, Семинар СОЗДАВАЊЕ МОДЕЛ ЗА СЕГМЕНТАЦИЈА НА КЛИЕНТИТЕ СО КОРИСТЕЊЕ НА PYTHON И МАШИНСКО УЧЕЊЕ
10.10.2023, Брокерски настан
Билатерални деловни средби „Green Days“ во рамките на Саемот за животна средина и енергија „Pollutec“ во Лион, Франција, 10-13 октомври 2023 година, https://green-days-pollutec-2023.b2match.io/

12.10.2023, Форум Македонско-австриски бизнис-средби во Стопанската комора на Северна Македонија

17.10.2023, Семинар ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИСКИ ОДЛУКИ ВО МАРКЕТИНГОТ: ОБУКА ЗА АНАЛИТИКА ЗА УСПЕХ

18.10.2023, Семинар НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА РАБОТА СО ГРАФИКОНИ, СОРТИРАЊЕ, РЕВИДИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА РАБОТНИТЕ ДОКУМЕНТИ

19.10.2023, Семинар Еднодневен семинар на тема:„СТРЕС И АНКСИОЗНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО - ПРИЧИНИ, МАНИФЕСТАЦИЈА, ПОСЛЕДИЦИ И ТЕХНИКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕСОТ“

24.10.2023, Online Бизнис средби “Energy Business Meetings at OMC 2023”-Деловни средби за енергетика https://omc2023.b2match.io/ (хибриден настан), Равена, Италија

25.10.2023, Семинар Напредни Ексел функции за анализа на податоците-- Правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP и консолидација

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT EVN vitaminka T
IGM trade Gulf МЕПСО NLB Banka
ПЕКАБЕСКО КОЖУВЧАНКА nextsense MERMEREN Kombinat

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES OKTA ZAN MITREV CLINIC CROATIA OSIGURANJE
HALKBANK СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ Duna Comodita seavus

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB Swisslion COLENCO
VEZESHARRI AllianceOne






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ИМАМЕ ЕДИНСТВЕН НАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ НА ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ПРИЛАГОДЕН НА НАШАТА ОБРАЗОВНА ТРАДИЦИЈА И СОСТОЈБИ




Како најголема бизнис-организација будно ги следиме и ги анализираме потребите од адекватен стручен кадар, а преку Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките, како клучно тело, работиме на обезбедување кадар за потребите на бизнисот. Преку организациските целини на Советот нудиме систематизирани решенија и услуги за да му помогнеме на бизнис-секторот. Преку Центарот за дуално образование, во фокусот на нашиот ангажман е поттикнување на компаниите самите да го трансформираат и обликуваат својот кадар со вклучување во дуалниот модел на образование и вмрежување со стручни училишта за реализација на дуалното образование и на учењето преку работа. Дополнително, нашиот ангажман се фокусира и на осигурување на квалитетот во реализацијата на дуалното образование и учењето преку работа со обуката на менторите во компаниите и верификација на компаниите за практична обука на ученици. Не изостанува ниту нашиот ангажман во давање коментари, мислења и предлози во однос на законската регулатива за уредување на дуалниот модел на образование што ги подобруваат функционалноста и продуктивноста на сите вклучени страни.

Преку Центарот за преквалификација нашиот ангажман е насочен кон изработка на анализи и на истражувања за потребниот кадар на компаниите и на креирање програми за здобивање квалификации врз основа на анализите или по барање на компаниите, како и реализација на обуки за програмите за здобивање квалификации преку процесот на преквалификација и доквалификација. Во тек на реализација се обуки за преквалификација на пекари и на слаткари. Освен тоа, организираме настани за подигање на свеста за поддршка на заемно партнерско

учење за преквалификација и доквалификација низ процесот на доживотно учење.

Во фокусот на активности на Центарот за тренинг и обука е поседувањето на релевантни вештини и нивно континуирано подобрување за да се биде во чекор со модерните текови на технологијата. Центарот реализира работилници и обуки за стручно оспособување, за унапредување на знаењата на стручниот кадар и за унапредување на трансферзалните/специфичните вештини на вработените во компаниите.

Поттикнувањето на примената на европските правила и стандарди за перманентно функционално образование и за иновација на знаењата на стручниот кадар е дел од активностите на овој центар.

И значајно е да се напомене Берзата на трудот како функционална платформа за поврзување на понудата и на побарувачката.

Иако дуалниот модел на образование стана реалност, сè уште е пилот-проект и, за жал, за него не можеме да се зборуваме како за воспоставен систем. За систем ќе можеме да се зборуваме кога ќе се донесе предлог-законот за стручно образование и обука.

Но, сепак мораме да се потенцираме дека, иако учевме од земји со долга традиција за дуалното образование како Германија, Швајцарија, Австрија, нашата земја има единствен национален модел на дуално образование прилагоден на нашата образовна традиција и состојби.






# РЕГИОНАЛНА ПРОМОЦИЈА НА НОВИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА




Скопје е домаќин на регионалниот хибриден настан "Open4Business - Made in the Western Balkans - Supported by EU" во организација на Европската комисија, а во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија и Western Balkans 6 Chamber Investment Forum (WB6CIF). Заедно со високи претставници на Европската комисија и ЕУ Делегацијата во РС Македонија, настанот го отвори г-дин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора.

Настанот привлече внимание на 500 микро, мали и средни компании од Западен Балкан. Притоа, одзивот беше најголем во Северна Македонија каде настанот го следеа вкупно 239 компании. Останатите компании го следеа настанот од Белград, Приштина, Сараево, Подгорица и Тирана.

Настанот е регионална промоција на новите финансиски инструменти на Европската Унија за микро, мали и средни претпријатија кои се достапни во регионот преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) во партнерство со меѓународните финансиски институции. Финансирањето ќе биде достапно во форма на заеми, капитал, грантови, гаранции, инвестициски стимулации и техничка помош, во насока на добивање на средства со намалени каматни стапки, намален износ на колатерал и зголемена рочност.

Имено, пристапот до финансии е од витално значење за раст на приватниот сектор за да ги одржат производствените процеси и остваруваат развој, како и за инвестиции, иновации, креирање на работни места и имплементација на напредни техники и технологии. Обезбедувањето прифатливи заеми и гаранции е уште поважно за компаниите од Западен

Балкан, кои во споредба со претпријатијата од Европската Унија, уште повеќе се потпираат на финансирање од банки, во услови на понизок развој на капиталните финансирања. Сепак, нивото на финансиска поддршка мерено според степенот на кредитирање на приватниот сектор на банкарскиот сектор како процент од БДП во Западен Балкан е 1,5 до 2 пати пониско од просекот на Европската Унија. Во многу развиени земји на Европската Унија, учеството на кредитите на приватниот сектор во БДП надминува 100%, додека просечното учество во ЕУ е 91,3%. Во земјите од регионот на Западен Балкан учеството на кредитите на приватниот сектор во БДП се движи од 34% до 55,7%. Споредбата меѓу земјите од Западен Балкан и Европската Унија покажува дека постои голем простор за зголемување на финансиската поддршка за приватните претпријатија.

Во насока на интензивирање на финансиската поддршка на претпријатијата во процесот на приближување на земјите од ЗБ кон ЕУ, претседателот Азески истакна дека секој треба да направи нешто во својот дел:

Европските банки и меѓународни развојни институции да го зголемат износот на поволни, субвенционирани кредити кои ќе бидат дополнети со грантови и гарантни шеми за да се постигнат подобри услови за претпријатијата корисници во однос на каматните стапки, колатералот и сл.

Домашните банки треба да бидат уште повеќе проактивни овие кредитни линии да ги доближат до претпријатијата. За да се намалат каматите и да се намали износот на колатерал што се бара од претпријатијата, два клучни проблеми кои ги идентификувавме заедно со нашите членки во Комората, потребно е поактивно да се користат расположливите гарантни фондови од Европската Унија, а и државата да ги дополни сопствените гарантни фондови наменети за стопанството. Со државни гаранции и гарантните шеми од ЕУ, ќе се намали кредитниот ризик кај банките и тие ќе можат да ги одобруваат кредитите со многу пониски камати и помало покритие кое се бара од претпријатијата.







Микро, малите и средни претпријатија, да се обидат да ја зголемат својата техничка експертиза за подготовка на добри и одржливи проекти кои банките ќе можат да ги поддржат. Зголемувањето на конкурентната способност како услов за влез на европскиот пазар неминовно бара поголеми вложувањата во зелена енергија, енергетска ефикасност и иновации и апелирам претпријатијата да се обратат кај банките за вакви средства под поволни услови.

Економско-Инвестицискиот План (ЕИП) за Западен Балкан се фокусира на значењето на поддршката за стартап и микро, мали и средни претпријатија (ММСП) како средство за остварување на целта и затоа насочува значајни средства за инвестиции во иновации и зелен раст. За да се ослободи потенцијалот на приватниот сектор, понудена е зголемена ЕУ финансиска поддршка преку комбинирани инструменти од грантови и кредити, и гаранции во рамките на Гарантната линија за Западен Балкан (ЕФСД+). Во согласност со Економско-Инвестицискиот План, клучните приоритети за развојот на приватниот сектор во Западен Балкан, вклучуваат: зелена транзиција, одржливо земјоделство, дигитална транзиција и иновации, трговија и иновации на вредносните синџири, финансиска вклученост и финансиска диверзификација. Од 2009 година досега, остварени се следните клучни резултати за Западен Балкан:

- 600 милиони евра ЕУ фондови за ММСП
- 6 милијарди евра вкупен износ на инвестиции
- 5.000 ММСП поддржани
- 120.000 работни места креирани
- 14.000 млади луѓе вработени или тренирани
- 30 стартапи поддржани со СЕЕД инвестиции
- 1,3 милиони Мегават часови годишна заштеда на енергија
- 400.000 Тони намалена емисија на јаглерод диоксид



# НАЈАВА за Втората Регионална конференција за промоција на бенефитите на медијацијата

Стопанската комора на Северна Македонија-Асоцијацијата за поддршка на медијацијата (АПМ), Националниот совет за медијација-Владино тело и Меѓународната Финансиска Корпорација (ИФЦ)-дел од Групацијата на Светска Банка, на 18 октомври 2023 година (среда) во Стопанската комора на Северна Македонија со почеток од 10.00 часот ќе бидат организатори на ВТОРАТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: "ПРОМОЦИЈА НА МЕДИЈАЦИЈАТА СО ЦЕЛ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА НЕЈЗИНИТЕ ПРЕДНОСТИ".

На оваа регионална конференција ќе земат учество говорници од Асоцијациите за медијација од Македонија, Србија, Албанија, Косово, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора кои ќе поентираат за постигнувањата и користењето на медијацијата секој во својата земја како и за чекорите кои треба секој поединечно како институција но и преку синергија и регионални поврзувања како оваа конференција да ги направи во насока на поголемо афирмирање и презентирање на медијацијата, бидејќи користењето на медијацијата има само предности, нема ниеден недостаток.

Конференцијата ќе биде поделена во два дела. Во првиот дел освен обраќањето на висок претставник на Владата на РСМ кој ќе говори за поддршката на државата која ја прави во насока на поголемо користење на медијацијата, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески кој ќе говори за придобивките на медијацијата кај стопанските спорови и Националниот координатор за медијација, свои обраќања ќе имаат репрезентативни претставници од Амбасадата на СР Германија во РСМ, ЕУ делегацијата во РСМ (за потик од користење на медијацијата по примерот на европските земји), како и од УНДП во делот поголема застапеност на медијацијата во локалната самоуправа со цел и подобар развој на општините. Вториот дел ќе биде поделен во 3 панели во кои учесниците-говорници од гореспоменатите земји, односно Асоцијации за поддршка на медијацијата од тие земји ќе ги кажат своите искуства и ќе кажат зошто "ДА" за медијацијата. Во рамките на Регионалната конференција за промоција на медијацијата, во организација на Стопанска комора на Македонија, Националниот осевт за медијација и Меѓународната Финансиска Корпорација се подготвува за печатење БРОШУРА за медијација на македонски и англиски јазик која ќе биде промовирана и поделена на учесниците на самата конференција.

Потсетуваме дека сме активни во промоција на оваа област уште многу одамна, односно уште од 2006-та година кога за прв пат заеднички со Меѓународната Финансиска Корпорација (ИФЦ), Стопанската комора на Македонија имаше шест месечен проект за запознавање со медијацијата во нашата земја. Од тогаш па навака, а и преку формирање на посебен департмент за поддршка на медијацијата во 2016-та година-Асоцијација за поддршка на медијацијата при Стопанската комора на Македонија, благодарение на сите наши напори, активности, предавања и настани



кои ги правиме во нашата држава, од ден на ден имаме зголемување на користењето на медијацијата. Така, согласно последните официјални податоци од Министерство за правда на РСМ, од 2017-та година заклучно со 30.09.2023 година во регистарот на барања, евидентирани се 4.578 постапки за медијација. Од нив, 50.5% завршиле со спогодба. Од вкупниот број на медијации, 43,5% се трговски спорови, (4,5% се осигурителни спорови), додека 45% се работни спорови. Трговските спорови се со близу 10 посто успешност односно толку завршиле со потпишување на Спогодба, додека кај работните спорови успешноста, преку потпишување со Спогодба е 98%. За нас како Стопанска комора, радува податокот што од година во година тенденција на пораст имаат трговските спорови. Посебно радува и податокот што благодарение на вакви институции како нашата се евидентираат добри бројки. Пример, од вкупниот број на медијации евидентирани во последните 7 години дадени во приказот погоре (од вкупно 4.578 медијации за овој период), 1/3 од оваа бројка е само во последните две години од кога е формиран Националниот совет за медијација (2022 година и 9 месеци од 2023 година), што доаѓаме до заклучокот дека благодарение на нашите активности, промоции, предавања и сл. бројките и состојбите се подобруваат во позитивна насока, што е успех за сите. Затоа, продолжуваме со уште поголемо темпо на активности и во следниот период.

Стопанската комора на Македонија во заедничко партнерство и со поддршка на Проектот „ДИХК-ЦЕФТА" (Асоцијација на трговско-индустриските комори на Германија и коморите на ЦЕФТА), на 26.4.2017 година беше домаќин на Првиот од таков вид настан за промоција на медијацијата во Македонија, Регионална конференција на тема: „Медијацијата како ефикасен начин на алтернативно решавање на стопанските спорови". На овој настан присутни беа раководители на сектори за медијација од коморите од Србија, Црна Гора, БиХ, Хрватска, Грција, Албанија, Бугарија, Молдавија и Турција а се обратија и амбасадорите на Германија и Холандија, земји во кои најголем процент споровите се решаваат по пат на медијација.

Како сублимат од регионалната конференција беше издадена брошура на македонски и на англиски јазик, која се промовираше на самиот настан.

Од 2016-та година од кога е формирана Асоцијацијата за поддршка на медијацијата при Стопанската комора на Македонија до денес, одржавме над 50 бесплатни предавања пред повеќе од 2.500 претставници од бизнис заедницата и други заинтересирани страни со основна цел-споделување на предностите на медијацијата.

При користењето на медијацијата за решавање на споровите главна улога имаат начелата на медијацијата, кои ја издвојуваат како најпривлечна пред другите методи на алтернативно решавање на споровите или пред судовите. Начелата на медијацијата се: доброволност, рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост (исклучена е јавноста од постапката и сите информации од постапката се доверливи), достапност на информации (нема достапност на информациите од медијацијата во други постапки), еднаквост, правичност, ефикасност и економичност. Многу голем аргумент за користење на медијацијата е нејзината извршност-доколку Спогодбата постигната во медијација се солемнизира на нотар.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Форум**
**12.10.2023**

# Македонско-австриски бизнис-средби во Стопанската комора на Северна Македонија

Стопанската комора на Северна Македонија и Трговското одделение при австриската Амбасада во Скопје, организираат бизнис-средба и презентација на австриски компании, во Стопанската комора на Северна Македонија, на 12 октомври 2023 година, со цел развивање на деловните односи меѓу компаниите од двете земји.

Во рамки на Австриската делегација, присутни ќе бидат австриски бизнисмени, со кои македонските компании ќе имаат можност да остварат директни средби од различни области, и тоа во делот на:

одржливи системи за топла вода, пареа и соларни термални системи за заштеда на простор и енергија за хотели, болници и индустрија;

изградба и одржување на енергетските и телекомуникациските мрежи;

водечки понудувачи за планирање и испорака на постројки за согорување на биомаса за производство на топлина и електрична енергија;

производители на електромоторни вентили за електрани за гас и пареа, електрани од биомаса, хидроцентрали, нуклеарни централи, котли, градско греење/ладење, итн.;

управување со проекти во областа на намалување на емисиите на азотни оксиди за инженерство и дизајн,производство и испорака на инсталации, монтажа (надзор), пуштање во употреба, тренинг и услуги по продажба и инсталација.

Македонско-австриските бизнис-средби ќе се одржат на 12 октомври 2023 година (четврток), со почеток од 10:00 часот, во Стопанската комора на Северна Македонија, во сала 4 на петти кат.

Контакт лица:

Сашка Велков
++ 389 2 3244054
sashka@mchamber.mk

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Online Бизнис средби**
**24.10.2023 - 30.10.2023**

# "Energy Business Meetings at OMC 2023"-Деловни средби за енергетика https://omc2023.b2match.io/ (хибриден настан), Равена, Италија

Стопанската комора на Северна Македонија во организација со Стопанската комора на Равена при Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на деловните средби за енергетика, "Energy Business Meetings at OMC 2023", кои ќе се одржат од 24 до 26 октомври 2023 година, со физичко присуство, и од 30 октомври 2023 година, онлајн учество, во Равена, Италија.

Деловните средби за енергетика се исто така подржани од страна на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Италија и Италијанската трговска агенција, ИТА.

Настанот за деловни средби и дружење, во своето 6-то издание, се одржува во рамките на OMC 2023 - Med Energy Conference and Exhibition, светски признат како клучен настан во секторот за нафта и гас, офшор индустријата и поврзаните услуги, што ја проширува својата перспектива на целата енергетска индустрија.

Договорените билатерални средби им нудат на изложувачите и посетителите единствена можност да најдат потенцијални партнери во секторите поврзани со енергетиката, со цел да се развие деловна или технолошка соработка.

Зошто да учествувате?

За да воспоставите технолошка или деловна соработка

За да ги презентирате вашите технологии/проектни идеи/услуги на билатералните средби

За да запознаете потенцијални партнери за европски проекти за истражување и развој

За да научите нови технологии и решенија

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

Семинар
17.10.2023 -
18.10.2023

# ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИСКИ ОДЛУКИ ВО МАРКЕТИНГОТ: ОБУКА ЗА АНАЛИТИКА ЗА УСПЕХ

Во денешниот свет управуван од податоци, способноста да се искористи целосниот потенцијал на аналитиката не е само предност, тоа е неопходност. Систематизираното управување со податоци, може да биде особено значајно при носењето на деловните одлуки кои ја поттикнуваат конкурентската предност. Во насока на јакнење на аналитичкиот потенцијал на компаниите, Стопанската комора на Северна Македонија, на 17 и 18 октомври 2023 година организира дводневен „онлајн"-обука на тема: „Донесување стратегиски одлуки во маркетингот: Обука за аналитика за успех". Обуката е прецизно направена за да ве опреми со знаењето, алатките и стратегиите потребни за трансформирање на податоците во функционални сознанија кои придонесуваат за маркетинг успех. Нашиот инструктор ќе ве води низ сложениот пејзаж на маркетинг аналитика, од собирање и анализа на податоци до толкување и примена во процесите на стратегиско одлучување. Преку практични вежби, реални студии на случај и интерактивни дискусии, ќе стекнете самодоверба и компетентност да направите информирани избори што ќе ја постават вашата организација пред конкуренцијата. Со оваа обука ќе ја разберете моќта на податоците во одлучувањето и ќе ги стекнете најбараните вештини на 21-от век поврзани со писменост за податоци.

За кого е наменета обуката?

Оваа обука е прилагодена за разновиден опсег на професионалци кои се обидуваат да го подобрат своето стратешкото одлучување управувано од аналитика во областа на маркетингот. Идеална е за маркетинг менаџери и директори кои сакаат да ги сознанијата од податоците за да постигнат подобара рентабилност. Дополнително, аналитичарите, научниците за податоци и дигиталните маркетери ќе најдат огромна вредност во усовршувањето на нивните вештини за да извлечат моќни сознанија од маркетиншките податоци. Претприемачите и сопствениците на бизниси кои сакаат да донесат информирани маркетинг одлуки кои поттикнуваат раст и профитабилност, исто така, ќе имаат голема корист од оваа програма. Нашата обука ќе ве опреми со знаење и алатки потребни за да напредувате во динамичниот свет на маркетинг аналитика и стратешко одлучување.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



Семинар
19.10.2023

# Еднодневен семинар на тема:„СТРЕС И АНКСИОЗНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО - ПРИЧИНИ, МАНИФЕСТАЦИЈА, ПОСЛЕДИЦИ И ТЕХНИКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕСОТ"

Стресот и анксиозноста се неизбежени психолошки појави во работната средина. Добрата вест е дека стресот не е она што ни се случува, туку нашата реакција на она што ни се случува. Ова значи дека стресот и анксиозноста може да се превенираат, препознаат и контролираат.

Доколку менаџментот и вработените се под постојан стрес или анксиозност, тоа може да биде еден од главните фактори за неуспех на одредена фирма, како и директен фактор за проблеми со менталното здравје кај секој еден чинител на организацијата.

Стресот и анксиозноста имаат директно негативното влијание врз продуктивноста и ефикасноста на тимот. Затоа од големо значење е компаниите да ги препознаваат штетните ефекти на стресот врз сите свои членови, да ги негуваат меѓучовечките односи во тимот и правилно да управуваат со стресот во организацијата.

Треба да знаеме да препознаеме што влијае на појавата на стресот, како и да научиме како да се фокусираме на негово надминување на вистински начин и навремено. Оваа обука ги нуди знаењата, вештините, техниките и алатките потребни за ефективно превенирање, препознавање и менаџирање на стресот и анксиозноста.

Пред самата обука, преку користење на соодветна психолошка методологија, можеме да ги измериме интензитетот и симптомите на стресот, моменталните причини за стрес и моменталните капацитети за надминување на стресот на учесниците на обуката. На овој начин, обуката максимално би ја прилагодиле на потребите на вашиот тим и би постигнале најдобар резултат.

Семинарот е наменет и за менаџментот и за сите вработени, а акцентот е ставен на стресните фактори специфични за организацијата.

Обучувач: м-р Николина Ивановска Котевска - професор по психологија, Гешталт советник, кариерен советник.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

101

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088